- На 10.09.2024 учениците имаа научно - културна екскурзија во градот Бургас. Ги посетија најатрактивните места во градот како Морската градина, Општинската зграда, улицата Алеко Покорини, најстариот базар, споменикот Пантеон, Арката на Свети Никола, плоштадот Тројката, плоштадот и црквата Свети Кирил и Методи, Етнографскиот музеј и мапата на сите културно-историски споменици направена на самиот плоштад во форма на мозаик. Посетени беа и трите објекти по кои е познат градот Бургас: часовникот,, компасот и најстариот грамофон.
- На ден 11.09.2024 се одржа првата работилница која беше практична сесија за цртање на текстил.Целта на работилницата беше како да се намали текстилниот отпад.
- На ден 12.09.2024 учениците го посетија Меѓународниот младински центар во Бургас кадешто имаше различни работилници на тема младински политики и младинска работа.Од страна на овој центар имаше организирано и академија во која беше вклучен и магионичарот Зејн.
- На ден 14.09.2024 учениците имаа работилница-практична сесија за работа со волна.Поделени во групи , тие изработија фигури на снешко и морско коњче.
- На ден 15.09.2024 учениците од Текстилно -кожарската струка, кои се дел од проектот Еразмус+, во Бургас имаа активност преку игра наречена Лов на богатство, да завршат одредени задачи, да ги сликаат и снимаат и да ги испратат на одговорната личност.
- На ден 17.09.2024 учениците имаа работилница на тема: Сесија за машинско работење-демонстрација и везење.
- На ден 18.09.2024 учениците беа во посета на фабриката TexCycle во Варна. Тоа е единствена фабрика на Балканскиот полуостров која го преработува текстилниот отпад во текстилни влакна за повторна употреба и добивање на неткаен текстил.Учениците се запознаа со целиот процес , од класирање на текстилниот отпад до самото производство.
- На ден 19.09.2024 учениците беа во посета на СОУ“ Иван Вазов“ во Поморие.
- На ден 20.09.2024 учениците имаа финални презентации, повратни информации и се здобија со Europass сертификати.

## Потпишување на договор за имплементација на проектот од програмата на Суперучилишта

На ден 20.09.2024 на свечена церемонија во просториите на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, Europe House, нашето училиште го потпиша договорот за имплементација на проектот од програмата на Суперучилишта.
За потсетување, во минатиот втор циклус на имплементација, нашиот проект беше награден со престижната награда за најдобри практики. Оваа година, училиштето по трет пат со своето партнерско училиште Средња Стручна Школа, ќе имплементираат возобновени тематики во интерес на учениците и на заедницата.
На настанот учествуваа клучни говорници, меѓу кои г-дин Алберт Хани генерален секретар на RYCO, г-ѓа Весна Јаневска, министер за образование и наука, г-дин Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади, Н.Е. Г-дин Бен Нупнау, заменик-шеф на делегацијата на ЕУ во Северна Македонија и г-дин Кевин Маас, шеф за култура од германската амбасада во Скопје. Заедно со Владимир Ѓорѓевски, раководител на локалната подружница на RYCO во Република Северна Македонија , тие ја истакнаа важноста на младинската соработка и регионалната соработка.

## Учество на музички фестивал „ АСТИБО ФЕСТ"

Средношколците од СОУ „М.М. Брицо“ од Делчево на ден 06.10.2024 остварија триумфален успех на „АСТИБО Фест", освојувајќи го првото место во својата категорија под диригентството на проф. м-р Елена Ѓеоргиевска.

## Симулациска вежба за евакуација од пожар

На ден 21.10.2024 беше реализирана симулациска вежба за евакуација од пожар во СОУ „Методи Митевски-Брицо“ .

## Дисеминација на проектот ЕРАЗМУС+

На 22.10.2024 беше одржана дисеминација на проектот ЕРАЗМУС+ клучна акција 1- Мобилност на поединци за целите на учење, поддржана од Националната Агенција за европски образовни програми и мобилности.
Учениците кои учествуваа во проектот “Екомода – иновативни техники за производство на облека од еколошки и рециклирани текстилни материјали” пред своите соученици и врсници презентираа дел од активностите кои изминатиот период ги реализираа во Р Бугарија со цел усовршување на нивните знаења на оваа тема.

## Наградување на ученици кои во учебната 2023/24 година постигнаа високи резултати на меѓународни и државни натпревари

Со одлука на Директорот на училиштето а според Правилникот за наградување на постигањата на учениците, оние ученици кои во учебната 2023/24 година постигнаа високи резултати на меѓународни и државни натпревари,

односно се стекнаа со медали или награди, заедно со своите ментори беа наградени со еднодневна екскурзија.На 24.10.2024 тие го посетија споменикот Македониум и Спомен куќата на Тоше Проески во Крушево а слободното време го искористија за дружење и заеднички ручек.

Најдобри меѓу најдобрите во минатата учебна година беа:

- Ева Ивановска IV год.
- Стефанија Ќурчиска IV год.
- Ива Цонева III год.
- Лука Стоименовски III год.
- Даме Ивановски III год.
- Милена Ангелова II год.
- Ања Димитровска II год.
- Огнен Малешевски II год.
- Ева Стоименовска II год.
- Нела Јовановска II год.
- Марија Јанковска II год.
- Лора Гоцевска II год.

## ,, Climathon Skopje 2024”

На ден 25 и 26 октомври 2024 во организација на CEED Hub Skopje се одржа Climathon Skopje 2024. Овој дводневен хакатон понуди можност да се работи заедно со експерти , да се развијат практични идеи и да се придонесе за создавање поодржливо Скопје.
СОУ „ Методи Митевски-Брицо“ Делчево го претставуваше тимот од ученици водени под менторство на професорката по хемија - Стојка Даневска:
Ива Цонева –тим лидер ,
Лука Стоименовски,
Софија Ивановска
Сара Петровска
На натпреварот тие ја покажаа својата експертиза и го дадоа најдоброто можно практично идејно решение од реалниот свет за локалните еколошки предизвици.

## Посета на пречистителната станица

На 08.11.2024 учениците од втора и трета година од хемиско –технолошката струка при СОУ „Методи Митевски -Брицо“ ја посетија пречистителната станица која го обезбедува нашиот град со чиста вода за пиење

## Млади физичари

На 46 Школа „Млади физичари“ која се одржа на 14 ноември 2024 година на ПМФ, Институт за физика - Скопје, тимот од секцијата го постигнаа следиот успех:

- Анастасија Ќурчиска и Ана Ивановска со експериментот „Визуелизација на звукот - реакција на ситен материјал врз мембрана која осцилира“ освоија 3 награда
- Сара Ангелова и Даме Ивановски со експериментот „ Видлива Акустика : Структури на вода под влијание на звучни бранови“ освоија 3 награда

- Ана Мавродиева со експериментот "Демонстрација на акустични стојни бранови во Рубенсова цевка" освои 3 награда

Со своите експерименти успешно се претставија:

- Елеонора Жежовска со експериментот "Стирлинг мотор"
- Теона Ефтимовска со експериментот "Херонова фонтана"
- Андреј Ѓорѓиевски и Милан Алексов со експериментот "Произведување електрична енергија по природен пат"
- Лука Стоименовски и Ива Цонева ученици од III - година со експериментот,, Генерирање на звучни бранови " освоија 3 награда.

Со експеримент успешно се претстави ја:

- Наталија Дамјанова и Ева Ивановска, ученици во IV година, со експериментот ,,Мини молња" - експеримент со електростатика.

## *Презентација на тема ,,Акни во период на пубертет"*

На 22.11.2024 се одржа презентација на тема ,,Акни во период на пубертет" од страна на фарм. Ана Димитровска, која средното образование го има завршено токму во ова училиште. Предавањето беше проследено со голем интерес и внимание од учениците засегнати од оваа проблематика.

## *Едукативна посета во кондиторската компанија Макпрогрес Виница*

На 25.11.2024 учениците од прва,втора и трета година од Хемиско-технолошката струка ,Прехранбен техничар ,беа на еднодневна едукативна посета во кондиторската компанија Макпрогрес Виница кадешто се запознаа со начините и стандардите за работа . Изработувајќи различни декорации учениците ја изразија својата креативност.

## *Учество на „Ноември – месец на науката“ на Природно-математичкиот факултет во Скопје*

На 30 ноември 2024 година се одржа „Ноември – месец на науката“ на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Главни организатори на оваа манифестација беа Сојузот на математичарите на Македонија (СММ) . Други учесници во организацијата: Македонското биолошко друштво (МБД), Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ) и Македонското географско друштво (МГД).

На манифестацијата учествуваа и ученици од СОУ,,Методи Митевски - Брицо" Делчево и го постигнаа следниот успех:
- Сара Ангелова ученик од III –година - прва награда за демонстрација на експеримент ,ментор проф: Ана Среброва Цветковска
- Ива Цонева и Лука Стоименовски од III-година - втора награда за демонстрација на експеримент, ментор проф: Стојка Даневска
- Даме Ивановски III-година - втора награда за демонстрација, ментор
проф: Роза Стаменковска.

## *Учество на XLI Меѓународен фестивал ,, Утринска ѕвезда" во Банско, Р. Бугарија*

На ден 01.12.2024 учениције учествуваа на XLI Меѓународен фестивал ,, Утринска ѕвезда" во Банско, Р. Бугарија.Талентот, харизмата, сценската изведба, кореографијата и одличното претставување на нашите ученици, актери, во драмска изведба беше препознаен од жири комисијата и награден со III место.
Театарската група ,, Carpe diem" чии членови се: Софија Ангелова, Ивана Георгиевска, Ива Алексова, Ева Ивановска, Теона Златковска, Андреа Димитровска, Марија Стоименовска, Леонора Жежовска, Сара Петровска, Ивана Цветковска Среброва, под менторство на проф. Билјана Ивановска на Меѓународниот фестивал учествуваа со претставата ,, Скржавец" од Плаут.

## *Меѓународен фестивал за уметности во Банско Р.Бугарија*

На 27.11.2024 учениците го претставија училиштето, општината и државата на Меѓународниот фестивал за уметности во Банско, Р.Бугарија и освоија ТРЕТО место. Оваа награда, прва од ваков вид, му ја посветуваат постхумно на Мето Јовановски, актер, доајен на македонското глумиште, кој е по потекло од нашиот крај и средното образование го завршува токму во нашата гимназија, Методи Митевски Брицо во Делчево.

## *Проект „Промоција на безбедна училишна средина“*

*На 02.12.2024* беше одржана работилница / обука на 10 ученици како би се подготвиле за улогата на врснички едукатори ,кои до крајот на годината ќе треба да спроведат работилница каде тие ќе треба да едуцираат дополнителни 40 ученици од нашето училиште.
Истиот ден беше одржана и работилница со 10 родители на ученици од нашето училиште ,со цел нивно вклучување во превенција од насилство и промовирање на сеопфатен пристап за градење на безбедна училишна средина.

Овие средби беа спроведени од страна на стручниот тим од нашето училиште, проф.Весна Димитровска, проф.Желеанка Демирова, социолог Наташа Јаневска Колевска и педагог Емануела Манасиева,со поддршка на проектниот тим на МЕЃАШИ.

На 19.12.2024 како дел од проектот "Промоција на безбедна училишна средина", е одржана работилница на која обучените врснички едукатори од нашето училиште обучија уште 40 ученици од училиштето.

## ,,Новогодишен базар''

На 30.12.2024 беше организиран новогодишен базар во дворот на нашето училиште

На 31.12.2024 со свои изработки, учениците беа дел од предновогодишната забава во градскиот парк.

## Суперучилишта

Во Делчевската гимназија „ Методи Митевски- Брицо“ на 27.01 2025 година се реализираше третата размена со училиштето „Средна Стручна Школа“ од Пирот, Р.Србија, како резултат на активностите од проектот „ Супер училишта“, проект кој е организиран од Регионалната канцеларија за соработка со младите (RYCO)и Германската организација за регионална соработка(GIZ). Нашето училиште е едно од десетте училишта во државата во кое е одобрена апликацијата за реализација на проекти од првиот бран на предлог-проекти. Во рамките на овој проект се реализираа серија на обуки од повеќе области и во овој проект беа вклучени ученици кои се подготвени за личен и професионален развој вклучувајки се во разни воннаставни активности, како и професорката Желеанка Демирова која го спроведува проектот во училиштето и професорката Весна Димитровска. Дел од активностите беа насочени кон културата и интеркултурализмот, но и многу други теми како Градење на мир, Насилство и решавање на евентуални конфликти, Идентификација и водена имагинација од делот на кариерно советување,Водење на дијалог, Пронаоѓање таленти преку работилници и сето тоа со главна цел, поврзување на двете училишта и да креираат визија како заедно да творат и да останат на Балканот каде има мешање на култури и традиции. .Ја посетија црквата Св.Богородица и Џамијата Султан МехметII. Во делот посета на бизнис сектор учениците беа пречекани од вработените и сопствениците на ФРОТИРКА КОМПАНИ-Делчево. посета на Регионален центар за застапување, ЈЛБ „Илинден'' и КУД Гоце Делчев . учениците во школскиот двор имаа работилница за емпатија и толеранција, водена од минатогодишните учесници во овој проект. Потоа ,професорката по Социологија , Весна Димитровска одржа работилница за активно учество во друштвената заедница ,мотивирајќи ги учениците да препознаат и преземат одговорност за позитивни промени во нивната околина.За крај ,ученците се запознаа со работата на Младински образовен форум, каде им беше претставено како да допринесат за заедницата. Оваа размена траеше до 31 Јануари а втората беше од 2-08 Март 2025 година каде пак нашите ученици беа гости во Пирот, РСрбија Програмскиот дел што беше опфатен на втората размена е продолжение на првиот дел кој се реализираше во нашето училиште. Учениците беа изложени на учење на самото место со внимателно одбрани институции и организации кои беа во контекст на проектираните содржини: надминување на стереотипи и предрасуди; развивање на емпатија и толеранција, техники за преговарање и мирно решавање на конфликтни ситуации; вештини за комуникација и резултати од нивна примена во најразлични автентични ситуации. Работилница за активно барање на работа, професионален и личен развој, беше обезбедена од страна на компанија за Кариерно Советување. Позитивни приказни

и мотивација за успех во форма на информативна сесија и работилница се реализираше од заменикот менаџер на најголемата фабрика во Пирот, Тигар. Учесниците имаа во Средња Стручна Школа како и кај нас, врсничка обука од страна на Алумни како и многу работилници реализирани од експерти. Учениците учествуваа на хуманите активности со продажба на рачни изработки кои беа експонирани на Бел Плоштад. Исто така, од спортските активности, Спорт за Разбој, беа реализирани планинарење во стрмни патеки во близината на тврдината Кале. Од културните обележја на Пирот издвоени за посета беа Музејот Понишљава и фабриката за традиционална рачна изработка на ќилим. Од додадената вредност на проектот се продолжи со директно учество во активности и посети на клучни институции како Архив на Пирот, Градска Библиотека, МНРЛ, во функција на нивно вмрежување со нашите.
Ова е трет циклус на проектот Суперучилиште со истите проект-партнери и како таков е единствен во регионот на Западен Балкан, покренат од Регионалната Канцеларија за Соработка на Млади, финансиран од ЕУ, давател на услуги за одржлив развој и меѓународна соработка во образование GIZ и е поддржан од Министерството за Образование и Наука.

## *,,Зелени технологии во текстилната и хемиската индустрија “ од програмата Еразмус+*

Учениците кои се дел од проектот ,,Зелени технологии во текстилната и хемиската индустрија “ од програмата Еразмус+, престојуваат во Лисабон, Португалија.
На 19.03 тие имаа практична настава во ателје Anamô  и учениците го посетија стручното училиште Модатекс, во Лисабон.

## *Balkan Voices 2025*

Тимот на оратори се претстави со одлични резултати на меѓународниот натпревар по ораторство Balkan Voices 2025 кое се одржа во американскиот универзитет во Благоевград –AUBG , од 14-ти до 16-ти Март 2025 год. Трите динамични денови беа исполнети со безброј дебати, натпреварување и презентации.
Нашите ученици учествуваа во сите предвидени активности и видови на натпревари: Original Oratory & Extemporaneous Speeches. Двајца ученици се пласираа во полуфинале а ученикот Лука Стоименовски го освои бронзениот пехар за трето место во категоријата на Extemporaneous Speeches.
Тимот од натпреварувачи – Јована Димитровска од втора година, Лука Стоименовски од трета година и Ана Ангеловска од четврта година од СОУ Методи Митевски – Брицо, беа придружувани од јуниорски претставник и логистика Амелиа Џемал од осмо одделение од Св. Климент Охридски; ко-менторот Амелиа Џонстон, волонтер на Мировниот Корпус и коуч-менторот проф. Желеанка Демирова.

## *Евакуација при вонредна ситуација*

На 02.04.2025 се одржа тактичко показна вежба за евакуација при вонредна ситуација, како дел од редовните активности за зајакнување на безбедноста и заштитата на сите во училиштето.

## *Интеркултурна размена во Детското село Песталоци*

Детската фондација Песталоци и Коалиција на младински организации СЕГА организираа Итеркултурна размена во Детското село Песталоци во Троген , Швајцарија, во период од 02.04.2025 до 15.04.2025 год.
Како дел од оваа размена учество зедоа 8 ученици од СОУ„Методи Митевски-Брицо“, Делчево и еден супервизор на проектот ,проф.Наташа Јаневска Колевска.
Покрај работилниците на кои учествуваат, нашите ученици имаат организирана посета на Луцерн и Цирих .

## Промоција на книгата „Македонци-милениумски сведоштва за идентитетското име " од авторот Бранислав Светозаревиќ

На 10.04.2025 година во нашето училиште, пред ученици од основното и средното образование и нивни наставници, имаше промоција на книгата „Македонци-милениумски сведоштва за идентитетското име " од авторот Бранислав Светозаревиќ.

## *Патронат  на училиштето*

На ден 15.04.2025 год.по  повод патрониот празник во училиштето се организираше свечена програма на којашто учество зедоа учениците од Училишниот хор, модна ревија од учениците од Текстилно-кожарската струка и вкусни изработки од учениците од Прехранбена технологија.
Присутните ги поздрави директорката на училиштето, Дијана Цонева, која рече дека денешниот ден е потсетник дека знаењето е моќ, дека воспитувањето е најважна инвестиција и дека заедништвото, посветеноста и соработката се темели врз кои се гради училиштето.

## Предавање од Полициска станица Делчево

На 09.05.2025 се одржа предавање од Полициска станица Делчево-Безбедна матурска вечер.

## Кариерно советување на ученици

На 09.05.2025 год. во просториите на нашето училиште се одржа презентација од страна на Младински совет на тема Кариерно советување на ученици од II, III и IV година и менторско советување од Женската менторска мрежа на Стела.

## Еко - акција ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД

Дел од нашите ученици, заедно со проф. Лидија Таушански, на 09.05.2025 год. зедоа активно учество во еко - акцијата ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД. Овие вредни ученици денес го чистеа училишниот двор и просторот во и околу училишната зграда.

## Проект „Безбедна училишна средина“

Како дел од проектот „Безбедна училишна средина“на 15мај се одржа уште една од предвидените средби со родители .
Зголемената активност и вклучување на родителите во превенција од насилство во училиштата претставува една од активностите во промовирање на сеопфатен пристап за градење на безбедна училишна средина.
При спроведување на активноста фокусот беше насочен кон вклучување на родители вклучени во советодавните тела.
На состанокот родителите активно дискутираа за превенцијата и спречување на насилството.
Активностите на овие теми за разговор, презентација како и дискусија со родителите и групна работа им овозможи нивно вклучување и исполнување на нивната улога во соработката со училиштето.
На средбата родителите ги споделија нивните искуства, размислувања, согледувања и ја идентификуваа нивната улога во спречување на насилството.

Средбата беше водена од проф. Желеанка Демирова во соработка со стручната служба на училиштето, социолог Наташа Јаневска Колевска, педагог Емануела Манасиева Стојчевски и проф. Весна Димитровска.

## Врсничка едукација

Учениците од нашето училиште, кои беа на интеркултурна размена во детско село Песталоци,Троген во Швајцарија, од 01-16 април оваа година, на 13 мај успешно спроведоа врсничка едукација на 60тина ученици од нашето училиште во две работилници на тема Дискриминација и стоп булинг.
На последниот ден од престојот во Швајцарија , тие изработија акциски планови кои беа спроведени во нашето училиште со реализирање на бројни активности, презентации на овие теми, разни игри и активности .

## Отворен ден на училиштето

На ден 26.05.2025 год. во просториите на нашето училиште се одржа отворениот ден на училиштето на кои беа поканети сите заинтересирани деветоодделенци на промоција на наставните струки и програми кои ги нуди нашето училиште.

## Проект Еразмус+ „Зелени“ технологии во хемиската и текстилната индустрија

На ден 26.05.2025 година започна реализација на мобилноста на проектот Еразмус+ „Зелени“ технологии во хемиската и текстилната индустрија, за струката: Хемија и технологија / прехранбена струка од СОУ„ Методи Митевски-Брицо“Делчево со мобилност во Стара Загора, Р.Бугарија .
Проектот се реализира во соработка со организацијата за поддршка Фондација Тула од Стара Загора.
На мобилноста учествуваат 10 ученици придружувани од професорката Стојка Даневска .
Во рамките на проектот учениците од прехранбениот смер од СОУ „Методи Митевски –Брицо “ Делчево имаа исклучително едукативна и инспиративна посета на Агенцијата за безбедност на храна во Стара Загора.
Во текот на посетата, учениците имаа можност да се запознаат одблиску со работата на институцијата која се грижи за безбедноста на храната, контролата на квалитет и хигиена, како и со важноста на ветеринарниот надзор.

Разговараа со експерти од областа, кои им ги претставија процедурите за контрола и мониторинг на храната, здравје на животните, растителна заштита контрола на фураж (храна за животни), хуман третман на животни, инспекциски постапки и најсовремените лабораториски практики.
Учениците од Прехранбена струка при СОУ „Методи Митевски – Брицо“ од Делчево, во рамки на Еразмус+ програмата, продолжија со активности на Тракискиот универзитет, Факултетот за ветеринарна медицина во Стара Загора.
Посета на Аквапоника
Аквапоника - одржлив систем на земјоделство во кој се комбинираат одгледување на риби и растенија во симбиотска средина.
Рибите живеат во резервоар и создаваат отпаден материјал (главно амонијак).
Бактерии го претвораат амонијакот во нитрати – што се одлично ѓубриво за растенијата.
Растенијата ја апсорбираат храната од водата и ја прочистуваат – а чистата вода се враќа назад кај рибите.
Посета на Анатомски музеј
Музејот вклучува богата изложба од различни анатомски експонати, вклучувајќи и оние од диви и егзотични животни.Вработените во музејот ни го претставија процесот на скелетизација — научна постапка со која меките ткива се отстрануваат за да остане чист костур, подготвен за изложување или истражување.
Посета на лабораторија со дигитални микроскопи
Дигитални микроскопи со вградена дигитална камера, за да се прикаже зголемениот објект на екран.Некои модели имаат софтвер за снимање, мерење и анализа.
На 02.06.2025 година учениците од нашето училиште ги продолжија активностите од програмата ЕРАЗМУС+ во ППМГ „Гео Милев“ во Стара Загора, со едукативните и креативни активности заедно со домаќините.
Учествуваа во изведување на хемиски експерименти, преку кои на интерактивен и практичен начин ги продлабочија нивните знаења и соработка.
Ја посетија лабораторијата со 3D принтери -современо опремено место каде што креативноста, иновацијата и технологијата се спојуваат. Лабораторијата е наменета за: истражување и развој, едукација и обука, практична примена и креативни и индустриски проекти.
Учениците се запознаа со начинот на функционирање на 3D печатач, при што имаа можност да видат како се изработуваат предмети со помош на современа технологија за тродимензионално печатење.
Исто така реализираа едукативна и инспиративна посета на Министерството за животна околина и вода во Стара Загора, Р Бугарија.
Со голема срдечност беа пречекани од тамошните домаќини, кои им приредија информативна средба, исполнета со корисни еколошки содржини и практични примери за заштита на животната средина.
Како симболичен подарок и поттик за грижа за природата, добија елка, која со радост ќе ја засадат во дворот на нашето училиште. Таа ќе претставува жив потсетник на оваа средба и на нивната заложба за позелена иднина.
Особено интересен момент од посетата им беше обиколката на современата лабораторија за испитување на водата. Учениците имаа можност да видат како се анализира квалитетот на водата, кои хемиски методи се користат и како се контролира нејзината чистота – сето тоа со најсовремена опрема и стручни лица. Практичната демонстрација го збогати нивното знаење и ја потврди важноста на хемијата во секојдневниот живот и одржливиот развој.
Овие искуства се непроценливи за нашите ученици – ги мотивираат, ги поврзуваат со вистинскиот свет и ги учат како науката и екологијата одат рака под рака.

## *Работилница за врсничка едукација*

На 03.06.2025 год. во нашето училиште беше одржана втората работилница за врсничка едукација , спроведена од страна на десетте врснички едукатори кои веќе успешно ја реализираа првата.
Работилницата започна со претставување на самиот проект и запознавање на учениците со големиот број на активности како дел од проектот Безбедна училишна средина.

Работилницата започна со гледање на краток филм, потоа презентација за насилство направена од страна на едукаторите, дискусија на темата и пополнување на прашалник за потребите на проектот.

## Проект „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“

Во рамки на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија“, реализиран од People in Need North Macedonia, LEAD- Leaders for Education, Activism and Development, Ekovita и ARNO, а финансиран од Европската Унија, училиштето доби нова современа опрема:

- Термо преса за текстил
- Автоматска машина за шиење

Оваа опрема ќе се користи во рамки на практичната настава, каде учениците ќе изучуваат современи техники за доработка на облека и ќе креираат уникатни апликации и текстилни дизајни.

За реализацијата на овој проект одговорен е професорот Дејан Златков, кој го координира процесот на интегрирање на одржливи практики во модното образование.

Извештај за реализирање на проект од Еразмус+

**„Зелени“ технологии во хемиската и текстилната индустрија**

10 ученика од нашето училиште од текстилно кожарската струка заедно со професорката Сузана Трендафилова беа вклучени во Еразмус+ програмата во Лисабон Португалија. Мобилноста се реализира во периодот од 16 до 28 .03.2025 година Организацијата беше на високо ниво. Во рамките на престојот се изврши обука во модното ателје Анамо, каде учениците беа вклучени во самостојна изработка рачна и машинска на текстилни предмети. Направена е и посета на стручниот центар(училиште) Модатекс, каде имаа прилика да видат еден од најсовремените центри за образование на редовни ученици и обука на кандидати од сите области на текстилното производство. Исто така посетија и значаен број на културни и историски знаменитости во Лисабон.

Од 26.05 до 07.06 2025г. Се реализира мобилноста на 10 ученици од струката Хемија и технологија заедно со професорката Стојка Даневска во Стара Загора Р.Бугарија

**Активностите на учениците беа следни:**

-Посета на Бугарската Агенција за Безбедност на Храната (БАБХ) област Стара Загор;

- Децата учествуваа во ‘Градска авантура со Actionbound’ во Стара Загора, каде преку интерактивна игра ги откриваа спомениците, културните објекти и историјата на градот;

- Посета на Тракискиот универзитет во Стара Загора(посета на аквапоника, посета на анатомски музеј, посета на кабинет со електронски микроскопи каде се набљудуваат култури на монитор);

-Посета на ZOO парк;

**-** Посета на Природно Математичка Гимназија „Гео Милев“ Стара Загора;

- Посета на министерство за животна средина и вода;

-реализиравме низа едукативни игри што комбинираат знаење и игра на иновативен начин;

- Посета на АД Минералкомерс, хемиска фабрика за производство на аморфен силициум диоксид;

**Резултати од учење:**

- Способност за разбирање на мапи, навигација преку GPS, препознавање на ориентирачи и логично поврзување на локации;
- Просторна свесност: препознавање на улици, згради, и правење ментална мапа;
- Брзо прилагодување на нова средина, култура, јазик или начини на комуникација;
- Отвореност за нови искуства и флексибилност во размислување;
- Способност за донесување брзи одлуки кога си изгубен или нешто не оди според планот;
- Наоѓање алтернативни патишта или решенија (на пр. ако е затворена улица или не работи јавен превоз);
- Способност да се побара помош или информации од локалното население;
- Основно познавање на јазикот или користење на алатки за превод;
- Користење на дигитални алатки како Google Maps, навигациски апликации, јавен транспорт апликации и слично;
- Научивме да одгледуваме риби и растенија со симбиоза(заштеда на вода до 90 % од традиционалното земјоделство, не се користат хемикалии, се добова храна од риби и зеленчук од ист еко систем и може да се користи и во урбани средини;
- Запознавме нови другарчиња;
- Разменивме практични искуства во експиреметирање меѓу учениците од СОУ„Методи Митевски- Брицо“ Делчево и Гимназијата Гео Милев од Стара Загора;
- Научивме како се добива аморфен силициум;

**Целите на проектот се** : 1. Зголемување на знаењата за "зелените" технологии на учениците од текстилната и хемиската индустрија, поттикнување на нивната желба за учење професионален развој; и 2. Зголемување напрофесионалните компетенции и мотивација за работа на професорите

Координатор на проектот : Стојка Даневска
-професор по хемија
-дип.инг.технолог

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Од предходно изнесеното може да се истакне дека голем број активности и задачи од годишната програма за работа на училиштето се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се очекуваните цели. Реализирани се и дополнителни активности кои не беа предвидени во програмите на стручните активи. И во следната година ќе се продолжи со реализирање на активности кои ќе го подобрат квалитетот на воспитно- образовната работа во училиштето.

Материјално-техничките услови во училиштето во последните години значително се подобрија и тој тренд ќе продолжи. Се уште имавме проблеми со недостигот на учебници по одредени предмети и во гимназиското и во стручно образование.

Задолжителната,изборната, дополнителната и додатната настава се изведува на задоволително ниво.

Училиштето не е во можност до крај да влијае и да ги промени постоечките состојби. Но таму каде може треба до крај да ги исцрпе сите можности. Редовно ќе се поправаат материјално-техничките средства и ќе се одржуваат во работна состојба.

Ќе се прават напори за натамошно подобрување на условите за работа и збогатување со нагледни средства, кои професорите заедно со постоечките ќе прават напори за поголемо користење.

Контролите за поголема редовност на часовите, ќе се зголемат кај професорите и учениците, иако на тој план има извесен напредок. Навремено ќе се реагира на сите негативни појави за нивно побрзо елиминирање.

За подобрување на квалитетот на наставата потребно е зголемено ангажирање на стручните активи, а особено ангажирањето на секој професор поединечно. Класните раководители дел од класните часови да го искористат за подобрување на воспитанието на учениците.Континуирани и редовно проверување на знаењето на учениците.

Елиминирање на појава од покачување на оцените без соодветно знаење при крајот на наставната година.Смалување на разликите во критериумите за оценување. Поголема примена и поразновидна активна настава. На класните раководители чии ученици ќе направат најголем број на изостаноци во наредната година ќе им бидат одземени паралелките независно во која година се.

За подобрување на дисциплината, класните раководители ќе обавуваат почести разговори со учениците и нивните родители,ќе ја вклучуваа навреме педагошката служба и ќе предлагаат соодветни педагошки мерки. Елиминирање на калкулациите со изостаноците од страна на класните раководители , со почеста контрола од педагошката служба и Директорот. Поголема мотивираност на учениците за смалување на отсуствата преку примена на интерактивна настава ( нови техники ) кои наставата ја прават повеќе интересна и привлечна за учениците и не е здодевна. Развивање свест кај учениците за поголема одговорност за што ризикот за успехот и неуспехот го сносат самите тие , ако се има во предвид полагањето на матурскиот испит.

Редовно и навремено упатување на учениците на советување кај педагогот и Директорот. Педагошката служба редовно ќе повикува проблематични ученици и ученици од кои може да се очекуваат испади за да ги посоветуваат. Класните раководители при регулирањето на изостаноците да го напуштат оправдувањето на истите само врз основа на родителот,туку да применуваат комбинирана форма и од родителот и од лекар. Поголема строгост и редовност во регулирањето на изостаноците од професори за кои тоа не е карактеристично,зошто праксата покажа дека класниот раководител колку полесно ги оправдува изостаноците,толку повеќе му отсуствуваат учениците.Наставнички совет ќе донесе одлука кои изостаноци од оправданите нема да бидат прикажувани во вкупниот број на изостаноци.

Изрекување педагошки мерки на дежурните ученици кои незнаат кој скршил, а се

случило за време на нивното дежурство.

Почитување на паузите за доручек од сите вработени,посебно помошниот персонал и службите.Санкционирање на честото седење на помошниот персонал во работното време.

Најстроги педагошки мерки за тие што го уништуваат цвеќето во холот,пишување по зидовите и клупите,цртање и шарање по вратите во соблекувалните.

Поголемо ангажирање на дежурните ученици и помошниот персонал за одржување на ред во пристапот во училиштето.

Учениците да се оспособат преку проектни активности да изработуваат колку може подобри проекти во функција на изработување на проект за оцена при полагањето на матурскиот испит. Професорите кои ги водат проектните активности максимално да вложат напори за унапредување на работата на проектните активности и тие да не бидат само форма за зголемување на бројот на часовите. Неуспехот на учениците ќе биде и нивна одговорност и нивен неуспех.

*Средно општинско училиште*

*“Методи Митевски - Брицо”–*

*Делчево*

**Изработил:**

**Педагог:Емануела Манасиева Стојчевски**

**Социолог: Наташа Јаневска Колевска**

**Директор:**

**Дијана Цонева**

**Средно општинско училиште**

**“Методи Митевски - Брицо”–**

**Делчево**

**Изработил:**

**Педагог:Емануела Манасиева Стојчевски**

**Социолог: Наташа Јаневска Колевска**

**Претседател на училишен одбор:**

**Весна Димитровска**